Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

# ДЕЛОВНИК
## за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

Скопје, септември 2025 година

Врз основа на член 2 став (2) од Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/16 и 164/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 97/19, бр.116/21 и бр.269/24), Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на седницата одржана на 25.9.2025 година, донесе

# Д Е Л О В Н И К
## за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој деловник се уредува начинот на работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество (во натамошниот текст: Советот), подготовката и свикувањето на седниците, текот на седниците, работните групи, јавноста во работењето, начинот на информирање, консултирање и вклучување на засегнатите страни, како и други прашања од значење за работата на Советот.

### Член 2

(1) Советот е формиран со решение на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата) бр.18-2987/2 од 18.3.2025 година и бр.18-2987/4 од 6.5.2025 година, а врз основа на член 3 од Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/16 и 164/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 97/19, бр.116/21 и бр.269/24).

(2) Советот ги врши следните работи:

- ја следи и анализира јавната политика која влијае на околината во која се развива граѓанското општество;
- иницира донесување на нови или изменување и дополнување на постојните прописи за унапредување на правната и институционалната рамка за делување на организациите;
- дава мислење по предлози на закони, стратегии, програми и други правни акти кои се однесуваат или влијаат на развојот и на делувањето на граѓанското општество;
- спроведува активности за подигање на свеста за промовирање на култура на соработка и партнерство;
- учествува во подготовката и го следи спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество и Акцискиот план за спроведувањето на Стратегијата, преку разгледување на квартални извештаи за напредокот на спроведувањето на Стратегијата;
- дава мислење на годишно ниво за реализација на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество;
- ја следи и анализира вклученоста на организациите во процесот на креирање на јавната политика преку доставените извештаи за спроведени консултации од страна на органите на државната управа и дава препораки за нејзино унапредување;
- дава предлози при планирањето на областите и специфичните приоритети за финансирање на активности на организациите од Буџетот на Република Северна Македонија, врз основа на елаборирана секторска анализа на надлежните органи на државната управа;
- ги разгледува годишните извештаи на Владата и органите на државната управа за финансираните програми и проекти на организациите и дава препораки;
- разгледува предлози поднесени од организации и зазема ставови по прашања поврзани со овозможувачка средина за организациите;
- номинира претставници на граѓанското општество во советодавни и работни тела;

- усвојува годишен извештај за својата работа за претходната година, што го објавува на веб страната на Генералниот секретаријат - организациона единица за соработка со граѓанското општество и го доставува до Владата и јавноста за информирање.

Член 3

(1) Седиштето на Советот е во Скопје, во зградата на Владата, бул. Илинден бр.2.

(2) Советот нема свој печат и штембил. Актите и службената кореспонденција на Советот се заверуваат во архивата на Владата, со печат и штембил на Владата.

Член 4

Изразите кои во овој деловник се користат за физички лица во машки род имаат исто значење со изразите во женски род.

## II. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОВЕТОТ

Член 5

Советот е составен од 27 членови и заменици членови кои ги назначува Владата, од кои 13 членови на Советот и заменици членови од редот на вработените во: Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за односи меѓу заедниците, Министерството за европски прашања, Министерството за финансии, Министерството за економија и труд, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура и туризам, Министерството за дигитална трансформација и Министерството за животна средина и просторно планирање и 14 членови на Советот и заменици членови од организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, избрани од организациите, преку јавен повик, во следните области: Развој на граѓанското општество, Владеење на правото и борба против корупцијата, Демократија, промоција и заштита на човековите права и добро владеење, ЕУ интеграции и политики, Економски и одржлив развој, Образование и младинско учество, Социјална заштита и заштита на деца, Заштита на маргинализираните лица, Родова еднаквост, Заштита на здравјето, Земјоделство, рурален и рамномерен регионален развој, Култура, Медиуми и информатичко општество и Заштита на животната средина.

### 1. Конститутивна седница на Советот

Член 6

(1) Конститутивната седница на Советот ја свикува Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанското општество, во рок од 20 дена од денот на донесувањето на решението на Владата за назначување на членовите на Советот.

(2) Со конститутивната седница претседава најстариот по години член на Советот од редот на организациите (во натамошниот текст: претседавач), додека новоизбраниот претседател или заменик на претседателот на Советот, не ја преземе должноста.

(3) Советот може да се конституира ако на седницата присуствуваат мнозинство од членовите на Советот.

### 2. Избор на претседател и заменик на претседателот на Советот

Член 7

Советот, на конститутивната седница, определува претседател на Советот од редот на членовите од организациите и заменик на претседателот од редот на членовите од органите на државната управа, кој го заменува претседателот во случај на негова спреченост или отсутност.

Член 8

(1) Секој член на Советот има право да даде предлог за кандидат за претседател на Советот. Предлозите се поднесуваат усно на конститутивната седница на Советот и содржат име и презиме на кандидатот.

(2) Редоследот на кандидатите за претседател на Советот се утврдува на листа според азбучниот ред на нивните презимиња.

Член 9

(1) Со гласањето за избор на претседател на Советот раководи претседавачот.

(2) Ако за претседател е предложен еден кандидат, гласањето е јавно со кревање рака. По исклучок, мнозинството на членовите на Советот може да одлучи за избор на претседател на Советот кога е предложен еден кандидат да се гласа тајно. Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња, со еднаква големина.

(3) Ако за претседател се предложени двајца или повеќе кандидати гласањето е тајно. Членот на Советот има право да гласа само за еден од предложените кандидати за претседател на Советот. Ако членот гласа за повеќе кандидати за претседател на Советот, неговото гласање се смета за неважечко.

Член 10

(1) За претседател на Советот е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови, при што треба да има мнозинство гласови од вкупниот број членови од редот на организациите.

(2) Ако за претседател е предложен еден кандидат и ако при првото гласање не го добие потребното мнозинство гласови, се повторува целата изборна постапка.

(3) Ако за претседател се предложени двајца кандидати и ако на првото гласање ниту еден од кандидатите не го добие потребното мнозинство гласови, гласањето се повторува, откако кандидатите ќе имаа можност да одговараат на прашања од членовите на Советот.

(4) Ако за претседател на Советот се предложени тројца или повеќе кандидати, гласањето се повторува за двајцата кандидати кои добиле најголем број гласови на првото гласање.

(5) Ако меѓу кандидатите со најголем број гласови има кандидати со ист број гласови, гласањето се повторува за сите кандидати со најголем број гласови.

(6) Ако и на повторното гласање ниту еден од кандидатите не го добие потребното мнозинство гласови, се повторува целата изборна постапка на следната седница на Советот.

Член 11

(1) Одредбите на овој деловник што се однесуваат на предлагањето на кандидати и изборот на претседател на Советот, се применуваат и на предлагање на кандидати и избор на заменик на претседателот на Советот.

(2) За заменик на претседателот на Советот е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови, при што треба да има мнозинство гласови од вкупниот број членови од редот на вработените во органите на државната управа.

3. Претседател на Советот

Член 12

Претседателот на Советот:

1) го претставува и раководи со работата на Советот;
2) свикува седници на Советот и претседава со нив;
3) ги потпишува актите што ги донесува Советот и се грижи за нивното спроведување;

4) ги насочува активностите на Советот во целина и на неговите членови за унапредувањето на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанското општество во Република Северна Македонија;
5) остварува соработка со претседателите на советодавните тела за соработка и развој на граѓанското општество на други држави;
6) се грижи за спроведување на заклучоците на Советот;
7) се грижи за подготовка и поднесување и презентација на годишниот извештај за работа на Советот до Владата;
8) ја информира јавноста за работата на Советот;
9) се грижи за примена на овој деловник;
10) врши и други работи во согласност со овој деловник.

4. Заменик на претседателот на Советот

Член 13

(1) Во случај на спреченост или отсуство на претседателот на Советот го заменува заменикот на претседателот на Советот.

(2) Заменикот на претседателот на Советот му помага на претседателот на Советот во работата и го претставува Советот за прашања што му се доверени од страна на Советот.

(3) Ако претседателот на Советот поднесе оставка, заменикот на претседателот ги врши работите на претседателот на Советот, до изборот на нов претседател.

5. Членови на Советот

Член 14

(1) Сите членови на Советот имаат исти права и должности, без разлика дали се назначени од редот на вработените во органите на државната управа или на предлог на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, преку јавен повик.

(2) Членовите на Советот имаат право и должност:
1) да присуствуваат на седниците и да учествуваат во работата на Советот;
2) да предлагаат расправа за разгледување на прашања од надлежност на Советот;
3) да предлагаат гостување на надворешни експерти и други лица кои се од интерес или значење за расправата;
4) да учествуваат во расправата и утврдување ставови по прашања за кои се расправа на седници на Советот;
5) да ги информираат надлежните во органот на државната управа што го претставуваат за заклучоците на Советот кои се однесуваат на институцијата која ја претставувааат;
6) да ги информираат, вклучуваат и консултираат засегнатите страни во областа што ја претставуваат за работата и заклучоците на Советот преку структурирани нови или постојни форми за дијалог на граѓанското општество со Владата;
7) да покренуваат иницијативи за унапредување на методот на работа на Советот;
8) да учествуваат во вршењето на други работи од надлежност на Советот во согласно со овој деловник и заклучоците на Советот.

Член 15

Членот на Советот има право и должност по овластување на претседателот на Советот, а во согласност со насоките и ставовите на Советот да го претставува Советот во земјата и странство.

6. Заменици членови на Советот

Член 16

Заменикот член на Советот го заменува членот на Советот во случај кога тој е отсутен или кога поради болест и други причини не е во можност да учествува во работата на Советот, со сите негови овластувања и одговорности.

7. Престанок на членување во Советот

Член 17

(1) Член на Советот и заменик член на Советот може да поднесе барање за престанување на членување во Советот.

(2) Членот на Советот или заменикот член на Советот барањето од став (1) на овој член го поднесува во писмена форма или лично на седница на Советот и може да го образложи.

(3) Советот констатира дека на членот или заменикот член му престанува членувањето во Советот на денот на одржувањето на седницата и за тоа го известува Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица со соработка со граѓанското општество.

Член 18

(1) Предлог за престанување на членување во Советот поради отсуство на членот и заменик членот од три последователни седници на Советот, поради работење спротивно на одредбите од Законот за здруженија и фондации и од деловникот за работа на Советот или поради престанување на исполнетоста на условите од членот 5 став (2) од Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, може да поднесе претседателот, заменикот на претседателот и секој член на Советот.

(2) Советот одлучува по предлогот од ставот (1) на овој член на првата наредна седница. Советот може да одлучи дека се исполнети условите за престанување на членувањето во Советот или да ја прекине постапката поради немање елементи за престанување на членувањето во Советот.

Член 19

Ако на член на Советот од редот на организациите му престане членувањето во Советот согласно членовите 17 и 18 на овој деловник, а нема заменик член, Советот ќе го задолжи Генералниот секретаријат на Владата - организациона единица за соработка со граѓанското општество да ја информира Владата и да започне постапка за назначување нов член на Советот, согласно Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

Член 20

(1) Доколку Советот не одржи седница во текот на една година, мнозинството од вкупниот број членови на Советот, во кое е вклучено мнозинство од вкупниот број членови од реот на организациите, може да поднесат барање за распуштање на Советот.

(2) Барањето за распуштање на Советот се поднесува во писмена форма до Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанското општество или по електронска пошта на службената адреса nvosorabotka@gs.gov.mk.

(3) Доколку барањето се поднесува во писмена форма, истото содржи потписи од членовите на Советот кои го поднесуваат. Доколку барањето се поднесува по електронска пошта, може да биде испратено од регистрираната адреса за комуникација на еден член, со тоа што останатите членови ќе се надоврзат од своите регистрирани адреси, или да биде во форма на документ потпишан на

хартија или со електронски потпис од членовите, кој се испраќа од една регистрирана адреса до службената адреса nvosorabotka@gs.gov.mk.

(4) Генералниот секретаријат на Владата – организационата единица за соработка со граѓанското општество го проверува исполнувањето на условите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член и доставува предлог до Владата за донесување решение за распуштање на Советот.

III. НАЧИН НА РАБОТА НА СОВЕТОТ

Член 21

(1) Советот работи на седници кои ги свикува и со кои претседава претседателот на Советот, а во случај на негово отсуство, свикувањето и претседавањето со седницата го врши заменикот на претседателот на Советот.

(2) По правило, седниците на Советот се одржуваат во зградата на Владата, со физичко присуство на членовите на Советот .

(3) По барање на претседателот на Советот или најмалку една третина од членовите на Советот, Советот може да одржи електронска седница, преку видео-конференциска врска, со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки. Начинот на утврдување на потребното мнозинство за донесување на одлуки е уреден со член 27 од овој Деловник.

1. Свикување на седниците и утврдување на дневниот ред

Член 22

(1) Советот работи и одлучува за работите од својата надлежност на седници кои се одржуваат најмалку еднаш на секои три месеци.

(2) Седниците на Советот ги свикува претседателот на Советот по сопствена иницијатива или по барање од најмалку една третина од членовите на Советот. Кога барање за одржување на седница ќе поднесат најмалку една третина од членовите на Советот, седницата се одржува во рок од 15 дена од денот на доставувањето на барањето.

(3) Дневниот ред за седницата на Советот го предлага претседателот на Советот, а го утврдува Советот на почетокот на седницата.

2. Доставување на материјали

Член 23

(1) Материјалите за седниците на Советот предлагачите ги доставуваат преку Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанското општество најдоцна осум дена пред денот на одржувањето на седницата на Советот на која треба да се разгледуваат.

(2) По исклучок, членовите можат да бараат одделни прашања да се ставаат на дневен ред на седницата на Советот и по нејзиното свикување, ако тие, според нивниот карактер се итни и не трпат одлагање. Во тој случај, предлагачот е должен материјалот, со посебно образложение, да го достави до Советот до утврдувањето на дневниот ред на седницата.

Член 24

(1) Поканата за седница на Советот и предлогот на дневниот ред се доставуваат најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на седницата.

(2) Со доставувањето по електронска пошта на предлог дневниот ред и објавувањето на материјалите на веб страницата на Советот, се смета дека членовите на Советот се известени за времето и местото на одржувањето на седницата, како и дека им се доставени предлогот на дневниот ред и материјалите за седницата.

3. Работа и одлучување на седниците на Советот

Член 25

(1) Советот може да расправа и одлучува кога на седницата се присутни повеќе од половината од членовите на Советот.

(2) Советот по утврдување на дневниот ред на седницата, пристапува кон усвојување на записникот од претходната седница на Советот.

(3) Членовите на Советот имаат право да дадат забелешки на записникот писмено пред седницата или усно на самата седница. По забелешките на записникот одлучува Советот.

(4) Записникот го потпишува претседателот на Советот.

Член 26

(1) Советот работи врз основа на утврдениот дневен ред.

(2) Пред преминување на точките од дневниот ред, Советот разгледува извештај за реализација на заклучоците од претходната седница, подготвен од Генералниот секретаријат – организациона единица за соработка со граѓанското општество.

(3) На предлог на претседателот или член на Советот, Советот може да определи работно тело на Советот или стручни лица од определени области да подготват материјал по одделна точка од дневниот ред.

(4) На покана на Советот, стручни лица и претставници на институции и организации може да учествуваат во работата на Советот, заради давање мислење по прашањата што се на дневниот ред на седницата, без право да одлучуваат.

(5) На почетокот на расправата по точките од дневниот ред предлагачот може да даде кратко усно образложение по материјалот.

(6) Претседателот на Советот може да предложи да се ограничи времетраењето на излагањето и дискусиите по одделни материјали. Советот одлучува за ограничување на времетраењето на излагањето и дискусиите со мнозинство гласови од присутните членови.

(7) По завршување на расправата по секое прашање за кое е расправано на седницата, Советот донесува заклучоци. Заклучоците ги формулира претседателот на Советот.

(8) Советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, ако со овој деловник не е предвидено посебно мнозинство.

(9) За работите од член 2 став (2) алинеи 2, 3, 5, 6, 8, 9 и 11 на овој деловник Советот одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови, при што треба да има мнозинство гласови од вкупниот број членови од редот на организациите.

(10) Советот одлучува со јавно гласање, со кревање рака. По исклучок, Советот може да одлучи определена одлука да се донесе со тајно гласање. Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња со еднаква големина.

Член 27

(1) Советот може да расправа и одлучува кога на видео-конференциската врска се присутни повеќе од половината членови на Советот.
(2) За време на видео-конференциската врска задолжително е користење на камера и користење на целото име и презиме на членот, односно заменик-членот во Советот. Советот одлучува со јавно гласање за време на видео-конференциската врска, со вклучена камера и кревање на рака.
(3) Советот може да расправа и одлучува и со други видови на интернет комуникација и софтверски алатки, кои доколку не вклучуваат видео-конференциска врска, користат писмена кореспонденција преку е-маил или други канали на кои се согласиле членовите на Советот.
(4) Доколку седницата на Советот се одвива на канали кои не вклучуваат видео-конференциска врска, гласањето се одвива со е-маил комуникација, на која секој член, односно заменик-

член од својот е-маил на кој е испратена предлог-одлуката, одговара со Гласам За или Гласам Против. Членот, односно заменик-членот може да го образложи својот глас. Гласањето по е-маил комуникација е со траење до моментот на добивање на потребното мнозинство за усвојување, односно неусвојување на одлуката, но не повеќе од 24 часа. Доколку по истекот на 24 часа од испраќање на предлог-одлуката не се изјаснило потребното мнозинство, се смета дека одлуката не е донесена.

(5) Мнозинството потребно за усвојување на одлука е идентично без оглед дали гласањето е на средба со физичко или виртуелно присуство.

4. Записник

Член 28

(1) На седницата на Советот се води записник.

(2) Записникот содржи: име на претседавачот на седницата, имињата на присутните и отсутните членови и заменици членови на Советот, утврден дневен ред на седницата, наводот за усвојување, односно изменување на записникот од претходната седница и заклучоци усвоени од Советот по одделните точки од дневниот ред, причините за одложените точки од дневниот ред со наведување на предлагачот за одлагање, време и место на одржувањето на седницата, како и други прашања за текот на работата на седницата на Советот.

(3) Секој член на Советот кој присуствувал на седницата има право да бара неговите изјави и предлози да се внесат во записникот.

(4) Записникот Советот го усвојува на својата наредна седница.

(5) За водење на записникот и за чување на оригиналните записници од седниците на Советот се грижи Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанското општество.

(6) Нацрт-записникот, по претходно мислење од членовите на Советот, се објавува на веб-страницата на Советот не подоцна од 15 дена од одржувањето на седницата.

4. Работни тела на Советот

Член 29

За остварување на работите од својата надлежност Советот може да формира постојани и повремени работни тела (групи).(2) Советот одлучува за основање и престанок на работата на работните тела, во согласност со утврдените потреби.

Член 30

(1) Советот има две постојани работни групи: Постојана работна група за комуникации и Постојаната работна група за соработка со организации кои делуваат на локално ниво
(2) Постојаната работна за комуникации се формира за подготовка и следење на спроведувањето на комуникациската стратегија на Советот.
(3) Постојаната работна група за соработка со организации кои делуваат на локално ниво се формира заради идентификување на локални граѓански организации и прибирање повратни информации за нивните потреби, предизвици и приоритети и обезбедување редовен канал за локалните организации да учествуваат во подготовка и следење на национални стратегии и политики.

Член 31

(1) Членството во работни тела на Советот се заснова на доброволно учество на членовите на Советот.

(2) Во работата на работните тела на Советот можат да учествуваат и надворешни членови предложени од членовите на Советот. Надворешните членови на работните тела ги назначува Советот и учествуваат во работата на работните тела без право на одлучување.

(3) Членовите на работните тела избираат меѓу себе координатор, кој го потврдува Советот на својата прва седница по формирањето на работното тело.

(4) Координаторите на работните тела на Советот имаат право да се јават во име на Советот пред органите на државната управа, граѓанските организации и други организации за прашања или подрачја во надлежност на работното тело, по претходно информирање на претседателот на Советот.

(5) Одредбите од овој деловник за начинот на работа на Советот соодветно се применуваат и на работата на работните тела.

5. Административно-технички работи на Советот

Член 32

(1) Административно-техничките работи на Советот ги врши Генералниот секретаријат на Владата- организациона единица за соработка со граѓанското општество, која:

1) ја спроведува постапката за избор на претседател и заменик на претседателот на Советот;
2) му помага на претседателот на Советот во подготвувањето и организирањето на седниците на Советот;
3) ги подготвува записниците од седниците на Советот;
4) подготвува годишен извештај за работа на Советот за претходната година;
5) одржува електронска база на податоци за работата на Советот, ги објавува дневниот ред, материјалите и записниците од седниците на Советот на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk;
6) се грижи за стручно-организационите прашања на Советот и работните тела на Советот, како и за унапредување на работата на Советот;
7) се грижи за обезбедување финансиски средства за спроведување на активностите од годишната програма и видливост на работата на Советот;
8) му помага на претседателот на Советот во спроведувањето на одредбите на овој деловник.

IV. МАТЕРИЈАЛИ НА СОВЕТОТ

Член 33

(1) За прашања од својата надлежност, Советот усвојува информации, препораки, заклучоци, годишна програма за работа и извештај за работа, кои во зависност од нивната содржина, ги доставува до Владата или надлежните институции.

(2) Со Информација Советот укажува на состојбата, проблемите и мерките што треба да се преземат во одредена област.

(3) Со препорака Советот дава насоки за надминување на тековните состојби во одредена област.

(4) Со заклучок Советот зазема ставови по прашањата што ги разгледува на седница, утврдува мислења по материјали што до Советот ги поднеле овластени предлагачи и одлучува за номинирање на претставници на граѓанското општество во советодавни и работни тела.

(5) Со годишната програма за работа Советот утврдува динамика и рокови за разгледување на прашањата од негова надлежност. Програмата содржи и финансиски план за нејзината реализација.

(6) Со извештај за работа Советот дава пресек на реализирани активности во тековната година.

(7) Право да предлага разгледување на информации и усвојување на препораки и заклучоци има секој член на Советот.

Член 34

Советот ја утврдува годишната програма за работа со финансиски план за реализација најдоцна до 30 јуни во во текот на годината за идната година.

Советот ја доставува годишната работа за консултации со организациите најдоцна до 10 јули, а го доставува до Владата најдоцна до 30.08. во текот на годината за идната година.

V. ПОСТАПКА ЗА НОМИНИРАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ГРЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО СОВЕТОДАВНИ И РАБОТНИ ТЕЛА

Член 35

(1) Во случај кога Владата, орган на државната управа или граѓанска организација достави до Советот барање за номинирање на еден или повеќе претставници на граѓанското општество во советодавни и работни тела, рокот за кандидирање и избор по правило не може да биде пократок од 15 дена.

(2) Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанското општество барањето за номинирање претставници на граѓанското општество во советодавни и работни тела го доставува до членовите на Советот со наведување на рокот во кој Советот треба да ја достави номинацијата и го објавува на веб страницата на Советот во вид на јавен повик, заедно со образец на пријава на кандидатите.

(3) Членовите на Советот ги информираат и консултираат организациите во областа што ја претставуваат, за да се пријават на јавниот повик.

(4) По истекот на рокот за пријавување на јавниот повик, Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанското општество врши административна проверка на пријавите на организациите со кандидати за членови на советодавни и работни тела и ги известува членовите на Советот.

(5) Номинирањето на претставници на граѓанското општество во советодавни и работни тела се врши на првата наредна седница на Советот, по пат на јавно гласање, со кревање рака за секој од пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите од јавниот повик.

(6) На барање на претседателот на Советот или најмалку една третина од членовите на Советот, на седницата на Советот се покануваат да присуствуваат кандидатите кои ги исполнуваат условите од јавниот повик, за лично да се претстават и да го образложат својот план за застапување на граѓанското општество во советодавното односно работното тело.

(7) Во итни случаи, номинирањето на претставници на граѓанското општество во советодавни и работни тела може да се спроведе со гласање по електронски пат. Гласањето се смета за важечко доколку гласале повеќе од половина од членовите на Советот.

(8) Генералниот секретаријат на Владата – организациона единица за соработка со граѓанското општество, врз основа на регистрираните (електронски) гласови, ги известува членовите на Советот за резултатите од гласањето и подготвува и доставува писмено известување до подносителот на барањето со податоци за номинираните претставници на граѓанското општество. Номинацијата на кандидатите се потврдува со заклучок на првата наредна седница на Советот.

VI. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА, ИНФОРМИРАЊЕ, КОНСУЛТИРАЊЕ И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

1. Јавност во работата на Советот

Член 36

(1) Советот обезбедува информирање на јавноста за седниците и работата на Советот преку објавување на соопштение за јавност, презентирање на извештаите и одлуките на Советот и други материјали кои се разгледуваат на седниците на Советот.

(2) Советот има веб-страница, како дел од веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk, на која се внесуваат општи податоци за Советот, претседателот, заменикот на претседателот, членовите и замениците членови на Советот, дневниот ред, материјалите по одделните точки од дневниот ред и записниците од седниците, извештаите за работа и други податоци поврзани со организацијата и работата на Советот.

(3) Членовите на Советот ги промовираат добрите практики и успешните иницијативи на граѓанските организации во јавноста, со цел поголема поддршка за нивната работа и учествуваат на јавни дебати и работилници за подобрување на демократските процеси и јакнење на граѓанското учество во носењето одлуки.

(4) Начинот и динамиката на информирањето на јавноста за работата на Советот се одвива согласно Комуникациската стратегија.

## 2. **Информирање, консултирање и вклучување на засегнатите страни**

Член 37

(1) Членовите на Советот од редот на организациите ги информираат, консултираат и вклучуваат засегнатите страни во областа што ја претставуваат за работата и заклучоците на Советот.

(2) Членовите на Советот од редот на организациите вршат редовни консултации, по електронски пат или со организирање средби и советувања со граѓанските организации во областа што ја претставуваат, по доставен регистар од Одделението, за клучните предизвици со кои се соочуваат во својата работа и воспоставуваат платформа за соработка, каде граѓанските организации можат да поднесуваат предлози, иницијативи и коментари во врска со прашањата што се предмет на разгледување на седниците на Советот.

(3) Членовите на Советот од редот на организациите треба да реализираат консултации најмалку два пати во календарска година.

(5) Членовите на Советот од редот на организациите, до 20 јануари, до Генералниот секретаријат на Владата-организациона единица за соработка со граѓанското општество, поднесуваат годишен извештај за спроведување на планот за координација и комуникација со организациите во областа што ја претставуваат, како дел од годишен извештај за работа на Советот во претходната година.

Член 38

(1) Членовите на Советот од редот на вработените во органите на државната управа ги информираат и консултираат Кабинетот на министерот, државниот секретар и релевантните сектори во министерството, за работата и заклучоците на Советот кои се однесуваат на институцијата која ја претставуваат.

(2) Информацијата од став (1) на овој член содржи: 1) Заклучоци и препораки на Советот кои се однесуваат на надлежноста на институцијата; 2) Потенцијални обврски и активности кои произлегуваат за институцијата; 3) Потреба од став или мислење од страна на Кабинетот, државниот секретар или соодветните сектори, и 4) Утврдени рокови и следни чекори, доколку се определени на седницата на Советот.

(3) Кога на дневен ред на седница на Советот е предлог-закон, информација или друг материјал за кој е потребно детално образложение, по претходно известување на претседателот на Советот, на седницата на Советот може да учествува претставник на надлежниот сектор или орган во состав на министерството, без право на одлучување.

VII. СПРЕЧУВАЊЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Член 39

Членовите на Советот се должни своите задачи да ги извршуваат совесно, непристрасно и во целосна согласност со законските прописи, интересите на институцијата или организацијата што ја претставуваат и со јавниот интерес.
Секој член е должен без одлагање да го извести претседавачот на Советот и Одделението доколку постои можен судир на интереси, односно личен, семеен, финансиски или друг интерес што може да влијае или да остави впечаток дека влијае врз неговата независност, објективност или непристрасност при одлучувањето и постапувањето.
Во случаи на судир на интереси, членот е должен да се изземе и нема право да учествува во расправата и одлучувањето по конкретното прашање.
Постапката за разрешување на можен судир на интереси ќе се уреди со посебен акт на Советот.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 40

Со денот на влегувањето во сила на овој деловник, престанува да важи Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор бр.37-388/1 од 14.5.2018 година, Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор бр.38-22/1 од 4.7.2019 година, Деловникот за дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор бр.38-29/7

од 28.10.2019 година, Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор бр.39-38/3 од 22.4.2021 година и Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор бр.39-41/3 од 3.6.2021 година.

Член 41

Изменувањето и дополнувањето на овој Деловник се врши на истиот начин на кој се донесува Деловникот.

Член 42

Овој деловник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 33 –
25.9. 2025 година
Скопје

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество
Никица Кусиникова